**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
Сектор за урбанизам, заштита на животната средина, комунални дејности, евроинтеграции и локален економски развој

УП бр.1310-51
од 17.01.2022 година
Велес

Врз основа на член 62 став 10 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.199/14, ... и 32/20), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 51 од Статутот на Општина Велес, (Сл. Гласник 12/06, 03/09, 18/10 и 15/14), Градоначалникот на Општина Велес го дава следното:

# СООПШТЕНИЕ

**За организирање на јавен увид по**

**Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е2.1 згради на патниот сообраќај со инсталации и простори – полигон за обука на возачи на дел од КП 2356 КО Оризари вон град, Општина Велес.**

Граници на опфатот за КП бр.2356, КО Велес се:

- на северозападната страна опфатот се граничи со КП 2355,
- на југозападната страна граничи со КП 2353,
- на југоисточна страна опфатот граничи со КП 2357,
- на североисточната страна опфатот се граничи со КП 3473.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 2581м2 или 0,26ха.

Јавниот увид за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е2.1 згради на патниот сообраќај со инсталации и простори – полигон за обука на возачи на дел од КП 2356 КО Оризари вон град, Општина Велес, ќе се спроведе со објавување на службената веб страна на Општина Велес.

Јавниот увид ќе трае 15 работни дена, од 18.01 до 01.02.2022 година, на службената веб страна на Општина Велес (www.veles.gov.mk).

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
на Општина Велес
**Марко Колев**